'89

# 2. БИЕНАЛЕ НА МЛАДИТЕ

25 ГОДИНИ
МУЗЕЈ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

# 2 БИЕНАЛЕ НА МЛАДИТЕ
## Скопје 1989

# 2ND YOUTH BIENNIAL
## Skopje 1989

Музеј на современата уметност Скопје
Museum of Contemporary Art Skopje

Септември/September 1989

Жири за избор и наградување на делата:

Д-р проф. Борис Петковски, претседател на РККВС

Симон Шемов, професор на ФЛУ

Димитрие Голубовски, доцент на Архитектонскиот факултет

Златко Теодосиевски, историчар на уметноста

Викторија Васев Димеска, кустос во МСУ, Скопје

Лилјана Неделковска Димитровска, кустос во МСУ, Скопје

Мирослав Поповиќ, кустос во МСУ, Скопје

Зоран Петровски, кустос во МСУ, Скопје

Правилник на II биенале на младите – 1989

1. Биеналето на младите е ликовна манифестација која го опфаќа творештвото на младите од областа на сликарството, скулптурата, графиката, архитектурата, фотографијата и другите форми на креативна визуелна презентација.

2. На Биеналето можат да учествуваат сите творци кои живеат во СР Македонија, како и македонски автори кои живеат надвор од Републиката.

3. Сите пријавени дела за Биеналето ги селектира и оценува одбрана жири комисија, која ја именува стручниот колегиум на МСУ – Скопје.

4. Изборот ќе се врши врз основа на увидот во оригиналните дела, или зависно од карактерот или ситуацијата, врз основа на фотографии, скици и сл.

5. Авторите конкурираат со едно до три дела, настанати во периодот од 1987 до 1989 година.

6. Предлозите за одредени уметнички проекти (амбиенти, интервенции, инсталации, перформанси и сл.) се доставуваат во јасно елаборирана писмена форма и скици. Конкурирањето со предлози од областа на архитектурата не е ограничено со тематски избор или со начинот на презентација (скица, цртеж, проект, графичка презентација, концепт, макета). Музејот се оградува од финансиското учество во реализацијата на предложените проекти.

7. Во рамките на Биеналето можат да бидат организирани и други придружни манифестации.

8. Музејот го задржува правото да ги фотографира сите пријавени дела, да ги објави во каталогот и да ги користи во пропагандни цели.

9. Авторите ги подигнуваат делата најдоцна еден месец по завршувањето на изложбата.

10. Авторите се должни делата да ги доставаат опремени за излагање и означени со име, презиме и наслов.

11. Секој учесник е должен покрај делата да ги достави и најзначајните биографски и каталошки податоци (наслов на делото, година, техника, димензии) како посебен прилог (не со каталог) во читлива форма.

12. Музејот печати каталог со репродукции и основни податоци за авторите и изложените дела. Излагачите добиваат бесплатен примерок.

13. На денот на отворањето на изложбата Музејот доделува три рамноправни награди.

Не занемарувајќи го значајниот придонес на поедини уметници кои генерациски не припаѓаат на оваа манифестација, мораме да констатираме дека одреден број млади уметници кои го започнаа своето дејствување во деветтата деценија беа тие кои во голема мерка ги одредија физиономијата и карактерот на уметноста во овој период. Оваа констатација, која впрочем и не треба да зачудува, беше основната претпоставка Музејот на современата уметност да се определи за воспоставување на една традиционална биенална манифестација која на своевиден начин ќе реагира на појавите во овој значаен и секако највитален сегмент на творештвото во Републиката.

Оправданоста на ваквата определба Музејот несомнено ја потврди со одржувањето на првото Биенале на младите во 1987 година. Со присуството на некои веќе афирмирани уметници, со сè посигурното настапување на еден нов бран авторски имиња, и конечно, со појавувањето на некои сосема нови, туку што дипломирани уметници, Биеналето покажа дека меѓу младите творци владее една жива и креативна активност; активност која е во тесен допир со општите струења во уметноста, а истовремено е и на најдобар пат за изнаоѓање и докажување на сопствените специфики.

Две години подоцна, во оваа 1989 година, второто Биенале на младите е поставено пред истите задачи и ги има истите цели. Немајќи никаква причина да се сомневаме во релевантноста на генералната претстава што Биеналето ја пружа во поглед на најновата продукција, според увидот во дадената ситуација, би можело да се утврдат неколку основни показатели.

Најнапред евидентен е нешто помалиот број пријавени автори во однос на минатото Биенале. Понатаму, застапеноста на различните медиуми и натаму останува во рамките на очекуваната и донекаде разбирлива доминација на сликарството, скулптурата и значително помалку на графиката, а со изостанување на фотографијата, осаменото присуство на филмот и графичкиот дизајн, како и незначително зголемениот, но не и занемарлив прилог на архитектурата. И најпосле, судејќи во целина за општиот квалитет на пријавените трудови, се наметнува впечатокот за една, условно говорејќи, поларизирана ситуација во која, од една страна наидуваме на дела кои се плод на помалку или повеќе потврдени авторски личности, а на друга страна, дела кај кои или не се забележуваат некои повидливи пробиви во однос на веќе искажаните можности, или такви кои се резултат на првичните авторски напори.

Овие генрализирани оценки за високиот стандард, просечното и наслутеното најизострено можат да се забележат во доменот на сликарството. Најбројни и крајно хетерогени по формациските (фигуративно-апстрактно) и/или стилски определби, сликарските дела бележат и најголеми осцилации во квалитетот. Во тие различно изразени индивидуални склоности, понекаде наидуваме на сликарски убедливи дела, но истовремено и на помала доза автентичност и забележлива оптовареност со школските поуки; понекаде на искрени лични, автентични искази но не и на доволна издиференцираност во изразот; а понекаде, пак, на повеќе механичко и површно, отколку на вистинско барање. Онаму, меѓутоа, каде што одреден број автори уверливо дејствуваат во правец на продлабочувањето на сопствените преокупации, доаѓа до сугестивни резултати кои можат да се сметаат за реперни точки во однос на целата сликарска продукција. Она што е заедничко за формално строгите, но содржински комплексни концепти кај едни, рафинираните споеви на пиктурално-материјалните елементи кај други и субјективизираните колажи или просторни преокупации кај трети автори, е степенот на естетската артикулација на сликата, онаа која е во тесна врска со смислата и суштината на делото.

Она што веќе подолго време се провлекува како постојана констатација е тоа дека скулптурата по сите свои обележја, го зазема, ако може така да се каже, најзначајното место во македонската ликовна уметност на оваа деценија. Како резултат на повеќе јасно профилирани авторски

личности со развиен индивидуален сензибилитет во однос на одбраниот материјал и со широк дијапазон во назначените проблеми, во повеќето скулпторски дела на ова Биенале, таа констатација дефинитивно се потврдува. Инвентивните формални решенија и високиот степен на реализацијата, почитувањето на природата на материјалот, но и неговата префинета доработка, се општите одлики на делата изразени во класичните скулпторски материјали какви што се металот и дрвото. Од друга страна, суверената употреба на нетрадиционалните материјали резултира или во необични и извонредно автентични сликарско-скулпторски објекти или во комплексни просторни или амбиентални проекти.

Наспроти ова, се има впечаток, дека со исцрпувањето на своите творечки напори главно во совладувањето на примарните законитости на медиумот, графиката и натаму останува во рамките на недоволно истражените простори на креативното изразување.

Настрана од преовладувачките текови на Биеналето, согледувањето на охрабрувачкото присуство на архитектурата не се совпаѓа толку со нешто зголемениот број автори во однос на минатата манифестација, колку со карактерот на пријавените трудови. Слободно развиените идејни концепти, кои изразуваат, во различен степен, слоевито зафаќање со одбраните теми, би можеле всушност да претставуваат смерници во натамошното профилирање на архитектонското присуство на Биеналето.

Сумирајќи ги овие и онака сумарно изнесени впечатоци, како заклучок може да се каже дека македонската ликовна уметност во наредната деценија влегува со завидна акумулација на зрели авторски дострели, но и со назначен потенцијал, кој, треба да се очекува, ќе ги проширува нејзините граници. Поаѓајќи токму од ваквите согледувања, селекторската комисија се одлучи за едно прилично пропулзивно профилирање на изложбата, такво кое можеби ќе дозволи и по некои пропусти, но и такво кое не само што ќе ги почитува туку и ќе укаже на разликите, оставајќи истовремено простор и за (само)критичко одмерување и, се надеваме, поттикнување за поопстојно творечко испитување на сопствените можности кај секој уметник. А тоа, речиси е непотребно да се нагласува, е една од основните цели на Биеналето.

Зоран Петровски



## ЕЛИЗАБЕТА АВРАМОВСКА

Родена 1956 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1984 година. Адреса: Капиштец 3, 91000 Скопје, тел. 222-338

Самостојни изложби
1987 – Скопје, Архитектонски факултет

Групни изложби (избор)
1985 – Скопје, Уметничка галерија, 40 години на ДЛУМ; 1986 – Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLI; 1987 – Скопје, Музеј на современата уметност, Аквизиции VI; Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; Цетиње, Владин дом, Изложба на ликовниот салон „13 ноермври"; 1988 – Скопје, НУБ „Климент Охридски", ДЛУМ–цртеж

1. „АВТОПОРТРЕТ – 1986, 12 СЕПТЕМВРИ", 1987
   акрилик на хартија, 74x105

ELIZABETA AVRAMOVSKA
Born 1956 in Skopje.
Address: Kapištec 3, 91000 Skopje, tel. 222–338

1. SELFPORTRAIT 1986, SEPTEMBER 12, 1987
   acrylic on paper, 74x105





## НАРЦИСА АНДРЕЕВСКА МИШЕВА

Родена 1963 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1986 година. Адреса: ул. Караорман 27/Б, 91000 Скопје, тел. 227–894

Самостојни изложби:
1989 – Скопје, Уметничка галерија

Групни изложби (избор):
1986 – Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLI; 1987 – Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; Тузла, Галерија југословенског портрета, VI изложба на југословенски портрет; Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLII; 1988 – Скопје, Музеј на Македонија, Ликовен салон на младите; Кошице (ЧССР), IX Меѓународно биенале на сликарство; 1989. – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

Награди:
1987 – Откупна награда на РЗК на Биеналето на млади во Музејот на современата уметност, Скопје; Откупна награда на VI Изложба на југословенскиот портрет во Тузла

1. СКРОТЕНА СТИХИЈА, 1988
   масло на платно, 200x180

NARCISA ANDREEVSKA MIŠEVA
Born 1963 in Skopje.
Address: Karaorman 27/B, 91000 Skopje, tel. 227–894

1. TAMED ELEMENT, 1988
   oil on canvas, 200x180

## СЕРГЕЈ АНДРЕЕВСКИ

Роден 1960 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1985 година. Адреса: ул. Кадињача 12а, 91000 Скопје, тел. 315–918

Самостојни изложби:

1985 – Скопје, Македонски народен театар: 1986 – Белград, Театар Звездара; Скопје, Галерија „Амадеус"; Струга, Народен музеј; 1987 – Битола, Уметничка галерија; Јесеница, Galerija Dolik; Скопје, Бутик „Бруно"; Крушево, Галерија „Никола Мартиноски"; 1988 – Ајнштат, Галерија „Куќа на гостите"

Групни изложби (избор)

1986 – Скопје, Музеј на Македонија, Експресија, гест, акција; Скопје, Уметничка галерија, Климент и словенските просветители; 1987 – Скопје, Музеј на Македонија, 80-тите во македонското сликарство; Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; 1988 – Приштина, Галерија уметности, Биенале на цртеж; Карловац, Galerija „Vjekoslav Karas", Биенале на југословенскиот акварел; Љубљана, Mesna galerija, Ликовен момент на Македонија

1. ЗЕЛЕНА СЛИКА, 1989
   масло на платно, 196x98

SERGEJ ANDREEVSKI
Born 1960 in Skopje.
Address: Kadinjača 12a, 91000 Skopje, tel. 315–918

1. GREEN PAINTING, 1989
   oil on canvas, 196x98





## ВУЈКА РАДИВОЕВИЌ БОЈАРОВА

Родена 1960 во Руиште. Академија за ликовни уметности завршила во Нови Сад 1983 година. Адреса: ул. Триглавска 35а, 91000 Скопје

Самостојни изложби

1985 – Скопје, Галерија Дом на младите „25 Мај"; 1987 – Скопје, Музеј на Македонија (со Љ. Бојаров); Белград, Галерија Студентски град (со Љ. Бојаров); Крагуевац, Мали ликовни салон (со Љ. Бојаров); 1988 – Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ

Групни изложби (избор)

1984–1988 – Скопје, Учествува на сите ДЛУМ-ови изложби (сликарство, цртеж, сликарство од мал формат); 1986 – Зрењанин, Современ македонски акварел; 1987 – Скопје, Музеј на Македонија, „Карпошови денови"; 1988 – Кошице (ЧССР), IX меѓународно биенале на сликарство; Цетиње, Цетињски салон на југословенската ликовна уметност; Белград, Дом ЈНА, Изложба на членовите на ДЛУМ; 1989 – Карловац, 6 биенале на акварел на Југославија

Награди

1984 – Белград, II сојузна награда за дизајн
1988 – Белград, Награда за сликарство „Моша Пијаде"

* 1. ОД ЦИКЛУСОТ „ВРАЧЕВИ И ИДОЛИ", 1988
масло на платно, 150x120

2. ОД ЦИКЛУСОТ „ВРАЧЕВИ И ИДОЛИ", 1989
масло на платно, 150x200

VUJKA RADIVOJEVIĆ BOJAROVA
Born 1960 in Ruište.
Adress: Triglavska 35a, 91000 Skopje

1. FROM THE CYCLE „MAGICIANS AND IDOLS", 1988
oil on canvas, 150x120
2. FROM THE CYCLE „MAGICIANS AND IDOLS", 1989
oil on canvas, 150x200

## ЖАНЕТА ГЕЛЕВСКА

Родена 1966 во Куманово. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1989 година. Адреса: ул. Никола Русински 8, 2/9, 91000 Скопје, тел. 242–971

Групни изложби

1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на Факултетот за ликовни уметности

* 1. СИМБОЛИ I, 1989
комбинирана техника, 96x68

2. СИМБОЛИ II, 1989
комбинирана техника, 96x68

3. СИМБОЛИ III, 1989
комбинирана техника, 96x68

ŽANETA GELEVSKA
Born 1966 in Kumanovo.
Address: Nikola Rusinski 8 2/9, 91000 Skopje, tel. 242–971

* 1. SYMBOLS I, 1989
mixed media, 96x68

2. SYMBOLS II, 1989
mixed media, 96x68

3. SYMBOLS II, 1989
mixed media, 96x68



## ЖАНЕТА ВАНГЕЛИ

Родена 1963 во Битола. Студира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1982/84 година, а студиите ги завршува на Државната Академија за уметност во Франкфурт на Мајна 1987 година. Адреса: Grosse Strasse 7, Frankfurt

Самостојни изложби:

1985 – франкфурт на Мајна, замок Hungen; Офенбах, Салон Charly; 1987 – Келн, Галерија Fenster; Скопје, Изложбен салон на Центарот за култура и информации

Групни изложби (избор)

1985 – Риека, Модерна галерија, 13. биенале на младите; 1986 – Франкфурт на Мајна, Städelschule; 1987 – Риека, Модерна галерија, 14. биенале на младите; Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; Скопје, Музеј на современата уметност, Аквизиции VII; 1988 – Аранѓеловац, Мермер и звуци, „8х6"; Франкфурт на Мајна, Kunst der Reise – Archiv; 1989 – Франкфурт на Мајна, Karmeliten Klosster; Риека, Модерна галерија, 15. биенале на младите; Сараево. Centar Skenderija, Југословенска документа

Награди:

1987 – Скопје, Награда на Музејот на современата уметност, Скопје на Биеналето на младите; 1989 – Риека, Награда на 15 југословенско биенале на младите

1. ГЕНЕРАЛОТ, 1988
   фотографија акрилик на платно, 230х106 (шестделен полиптих)

ŽANETA VANGELI
Born 1963 in Bitola.
Address: Grosse Strasse 7, Frankfurt

1. THE GENERAL, 1988
   photography and acryl on canvas, 230x106 (in six parts)





## ПЕРИЦА ГЕОРГИЕВСКИ

Роден 1957 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје. Адреса: ул. 105 35/34, 91000 Скопје, тел. 239–541

Самостојни изложби

1980 – Скопје, Галерија Дом на младите „25 Мај"; 1985 – Скопје, Галерија Дом на младите „25 Мај"; 1987 – Бреда (Холандија), Kunst under der Toren, (со А. Станковски)

Групни изложби (избор)

1985 – Скопје, Музеј на Македонија, Експресија, гест, акција; 1986 – Скопје, Музеј на Македонија, 80-те во македонската уметност; Скопје, Галерија Дом на младите „25 Мај", Состојба 86; Сараево, Olimpijski Centar Skenderija, Југословенска документа. Како член на групата „Зеро" учествува во изведувањето на неколку ѕидни слики и тоа: О.У. „Тефејуз", Галерија 7 и Дом на младите „25 Мај".

* 1. САМСКАРА, 1987
комбинирана техника, 163x130

2. СЛУЧКА, 1987
комбинирана техника, 80x100

PERICA GEORGIEV
Born 1957 in Skopje.
Address: 105 35/34, 91000 Skopje, tel. 239–541

* 1. SAMSKARA, 1987
mixed media, 163x130

2. EVENT, 1987
mixed media, 80x100

## ВАНЧО ЈАКОВ

Роден 1964 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1987 година. Адреса: ул. Неделко Шариќ 123а – Бутел I, 91000 Скопје

Групни изложби (избор)

1985 – Белград, III Биенале на југословенски студентски цртеж; 1986 – Скопје, Музеј на Македонија, Млади ликовни творци во СРМ; 1988 – Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ; Скопје, НУБ „Климент Охридски", ДЛУМ цртеж; Белград, Дом ЈНА, "Скопски уметници"; 1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

* 1. ОД ЦИКЛУСОТ „МЕЃУ ПРОСТОРОТ НА ЕДНА ПРОСТОРНОСТ" XXIX, 1988/89
масло на платно, 100x100

2. ОД ЦИКЛУСОТ „МЕЃУ ПРОСТОРОТ НА ЕДНА ПРОСТОРНОСТ", XXX, 1988/89
масло на платно, 90x90

VANČO JAKOV
Born 1964 in Skopje.
Address: Nedelko Šariḱ 123a–Butel I, 91000 Skopje

* 1. FROM THE CYCLE „AMONG THE SPACE OF A SPACE" XXIX, 1988/89
oil on canvas, 100x100

2. FROM THE CYCLE „AMONG THE SPACE OF A SPACE", XXX, 1988/89
oil on canvas, 90x90





## ЛИЛЈАНА КЛИМОВА

Родена 1963 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1989 година. Адреса: ул. Јане Сандански 86 6/13, 91000 Скопје, тел. 414–726

Самостојни изложби

1989 – Скопје, Галерија Компас

Групни изложби

1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ; Сараево, Olimpijski centar Skenderija, Југословенска документа

∗1. СНЕГ, ВРЕМЕ ЗА Н., 1989
комбинирана техника на картон, 80x58

2. БЕЗ НАСЛОВ, 1989
комбинирана техника на хартија, 94x72

LILJANA KLIMOVA
Born 1963 in Skopje.
Address: Jane Sandanski 86 6/13, 91000 Skopje, tel. 414–726

∗ 1. SNOW – TIME FOR N., 1989
mixed media on cardboard, 80x58

2. UNTITLED, 1989
mixed media on paper, 94x72

## РАФАИЛ КОЛОВСКИ

Роден 1961 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 година. Адреса: ул. Ордан Чопела 112, 91000 Скопје, тел. 219–253

Групни изложби:

1987 – Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; 1987 – Скопје, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Изложба на дипломирани студенти на Факултетот за ликовна уметност 1986/87

1. БЕЗ НАСЛОВ, 1988
масло и пастел на платно, 103x123

RAFAIL KOLOVSKI
Born 1961 in Skopje.
Address: Ordan Čopela 112, 91000 Skopje, tel. 219–253

1. UNTITLED, 1988
oil and pastel on canvas, 103x123





## СНЕЖАНА КРСТЕВСКА

Родена 1965 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1989 годдина. Адреса: ул. Македонска преродба, 2/2–5, 91000 Скопје

1. ПЕЈЗАЖ И ГИТАРИ, 1989
   комбинирана техника, 83x124

SNEŽANA KRSTEVSKA
Born 1965 in Skopje.
Address: Makedonska prerodba 2 2/5, 91000 Skopje

1. LANDSCAPE AND GITARS, 1989
   mixed media, 83x124

## ЛЕНЧЕ ЛАМБЕВСКА

Родена 1965 во Битола. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1989 година. Адреса: Волговградска 15/12, 91000 Скопје

Групни изложби

1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

1. КАМЕН, 1987
   колаж, 60x60

LENČE LAMBEVSKA
Born 1965 in Bitola.
Address: Volgogradska 15/12, 91000 Skopje.

1. STONE, 1987
   colage, 60x60



## МАРИНА ЛЕШКОВА

Родена 1957 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1984 година. Адреса: Бул. Јане Сандански 109/II–4, 91000 Скопје, тел. 424–244

Групни изложби (избор):

1986 – Скопје, Уметничка галерија, XLII ДЛУМ; 1987 – Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Изложба на завршени студенти од ФЛУ во Скопје; Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; 1988 – Скопје, Музеј на современата уметност, Аквизиции VII; 1989 – Куманово, Уметничка галерија, Млади македонски сликари; Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

1. СОЗНАНИЕ, 1989
   комбинирана техника на платно, 145x260

MARINA LEŠKOVA
Born 1957 in Skopje.
Address: Bul. Jane Sandanski 109 2/4, 91000 Skopje, tel. 424–244

1. REALIZATION, 1989
   mixed media on canvas, 145x260



## МИРОСЛАВ МАСИН

Роден 1963 во Ниш. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1988 година. Адреса: ул. Желево 3/3–3, 91000 Скопје, тел. 259–681

Самостојни изложби:

1989 – Скопје, Галерија „Компас"

Групни изложби (избор)

1985 – Скопје, Галерија на Домот на младите „25 мај", Млади ликовни творци; Белград, Факултет за ликовни уметности, Група студенти од ФЛУ, Скопје; 1988 – Скопје, Ликовен салон на Центарот за култура и информации, Сликарство мал формат; Скопје, НУБ „Климент Охридски", ДЛУМ цртеж; 1989 – Скопје, Уметничка галерија, Дипломирани студенти на факултетот за ликовни уметности

* 1. ОД ЦИКЛУСОТ „МАЈМУН–ЧОВЕК–МАЈМУН", 1989
   туш и акварел, 70x100
2. ОД ЦИКЛУСОТ „МАЈМУН–ЧОВЕК–МАЈМУН", 1989
   туш и акварел, 70x100

MIROSLAV MASIN
Born 1963 in Niš.
Address: Želevo 3 3/3, 91000 Skopje, tel. 259–681

1. FROM THE CYCLE „MONKEY–MAN–MONKEY", 1989
   ink and watercolor, 70x100



## БЛАГОЈА МАНЕВСКИ

Роден 1957. во Скопје. Факултет за ликовна уметност завршил во Скопје 1986 година. Адреса: ул. Димитрије Чуповски 80/2–7, 91000 Скопје, тел. 582–538

Самостојни изложби:

1985 – Охрид, Титов Велес, Штип, „Експресија во слика“ (со Ј. Шумковски и С. Соколовски), Дом на културата „Григор Прличев“, Ликовен салон, Дом на културата „Ацо Шопов“; 1987 – Скопје, Музеј на современата уметност; Куманово, Уметничка галерија; 1988 – Белград, Галерија СКЦ (со Д. Петковиќ и Ј. Шумковски)

Групни изложби (избор)

1985 – Карловац, Задар, Ниш, Белград, Галерија „Vjekoslav Karas“, Umjetnička galerija, Галерија савремене уметности, Уметнички павиљон „Цвијета Зузориќ“, IV Биенале на југословенски акварел; 1986 – Скопје, Дом на младите „25 мај“, Состојба 1986; Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLI; 1987 – Сараево, Centar Skenderija, Југословенска документа '87; Риека, Moderna galerija, 14 Биенале на младите; Скопје, НУБ „Климент Охридски“, ДЛУМ цртеж; Сомбор, Likovna jesen, IX Триенале на современ југословенски цртеж; 1988 – Скопје, Дом на младите „25 мај“, Ликовен круг „25 мај“; Скопје, Уметничка галерија, Македонска ликовна уметност 1948–88; Скопје, НУБ „Климент Охридски“, ДЛУМ цртеж; 1989 – Херцег Нови, Галерија „Јосип Бепо Бенковиќ“, XXII херцегновски зимски салон; Риека, Moderna galerija, Пет млади македонски уметници; Куманово, Уметничка галерија, Млади македонски сликари; Сараево, Olimpijski Centar Skenderija, Југословенска документа 89; Риека, Модерна галерија, 15 Биенале на младите

Награди:

1985 – II награда за сликарство, Денови на млади творци на СРМ 85; 1986 – Годишна награда за сликарство на ФЛУ, Скопје; 1987 – Откупна награда на Музејот на современата уметност, Скопје, на Биеналето на младите '87

1. SВЕЗДИ И РАБОВИ IX, 1989
   комбинирана техника, 99x400
* 2. SВЕЗДИ И РАБОВИ X, 1989
   комбинирана техника, 200x203x6

BLAGOJA MANEVSKI
Born 1957 in Skopje.
Address: Dimitrija Čupovski 80 2/7, 91000 Skopje, tel. 582–538

1. STARS AND BRINKS, IX, 1989
   mixed media, 99x400
* 2. STARS AND BRINKS, X, 1989
   mixe media, 200x203x6





## ОЛГИЦА МАРИНКОВСКА

Родена 1964 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1988 година. Адреса: Маршал Тито 13б, 91000 Скопје, тел. 216–947

Самостојни изложби:

1989 – Скопје, Галерија Дом на младите „25 Мај"

Групни изложби

1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

1. УЖИВАЊЕ, 1989
   пастел на платно, 36x43

OLGICA MARINKOVSKA
Born 1964 in Skopje.
Address: Maršal Tito 13b, 91000 Skopje, tel. 216–947

1. ENJOYMENT, 1989
   pastel on canvas, 36x43

## ВЛАДИМИР МИХАЈЛОВСКИ

Роден 1963 во Скопје, Економски факултет I степен завршил во Скопје. Адреса: бул. АВНОЈ 18/III–1, 91000 Скопје,

1. КОШМАР,
   масло на стакло, 27x32

VLADIMIR MIHAJLOVSKI
Born 1963 in Skopje.
Address: bul. AVNOJ 18/III–1, 91000 Skopje

1. NIGHTMARE
   oil on glass, 27x32





## КОЉО МИШЕВ

Роден 1960 во Струмица. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 година. Адреса: Неврокопска 15, 91000 Скопје

Самостојни изложби:

1987 – Марибор, Ноќен клуб „Амадеус"; 1989 – Скопје, Клуб на писателите „Јоле"

Групни изложби:

1986–1989, Скопје, Уметничка галерија, Годишни изложби на ДЛУМ; 1989 – Скопје, Уметничка галерија, Дипломирани студенти на Факултетот за ликовни уметности

1. СЛИКА 9, 1989
   масло и акрилик на платно, 100x100

KOLJO MIŠEV
Born 1960 in Strumica.
Address: Nevrokopska 15, 91000 Skopje

1. PAINTING 9, 1989
   oil on canvas, 100x100

## ЉУБОМИР СИМОНОВСКИ

Роден 1961 во Скопје. Апсолвент на Филозофскиот факултет во Скопје – група историја на уметноста. Адреса: ул. Ѓорѓи Сугаре 3г 10/2–13, 91000 Скопје, тел. 215–000

Групни изложби:

1987 – Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на млади

1. ХАЗАРДЕР, 1989
   масло на платно, 120x70

LJUBOMIR SIMONOVSKI
Born 1961 in Skopje.
Adress: Gjorgji Sugare 3g 10/2–13, 91000 Skopje, tel. 215–000

1. HAZARDER, 1989
   oil on canvas, 120x70



## СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ

Роден 1958. во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 година. Адреса: ул. Пушкинова 9/1–4, 91000 Скопје, тел. 217–064

Самостојни изложби:

1985 – Охрид, Титов Велес, Штип, „Експресија во слика" (со Б. Маневски и Ј. Шумковски), Дом на културата „Григор Прличев, Ликовен салон, Дом на културата „Ацо Шопов".; 1988 – Скопје, Слики од циклусот „Едра на хоризонтот", Дом на младите „25 мај"

Групни изложби (избор):

1986 – Скопје, Дом на ЈНА, „Во пресрет на младоста"; Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLI; 1987 – Скопје, Дом на ЈНА, Дипломирани студенти 86/87; Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите; 1989 – Риека, Moderna Galerija, 15 Биенале на младите; Сараево, Olimpijski centar Skenderija; Југословенска документа 89

* 1. ПРИСТАНИШКА БЕДА I, 1989
олово, комбинирана техника, 150x150

2. ПРИСТАНИШКА БЕДА II, 1989
олово, комбинирана техника, 150x150

SLAVČO SOKOLOVSKI
Born 1958 in Skopje.
Address: Puškinova 9 1/4, 91000 Skopje, tel. 217–064

1. HARBOURS MISERY 1, 1989
lead, mixed media, 150x150

2. HARBOURS MISERY 2, 1989
lead, mixed media, 150x150





## САШО СТАНОЈКОВИЌ

Роден 1962 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1985 година. Адреса: ул. Луј Пастер, 23/1, 91000 Скопје, тел. 235–437

Групни изложби:

1985 – Скопје, Изложбен салон на Центарот за култура и информации, Дипломирани студенти на Факултетот за ликовна уметност; Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XL; 1986 – Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLI; 1987 – Скопје, НУБ „Климент Охридски“, ДЛУМ цртеж; Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLII; 1988 – Скопје, Музеј на Македонија, Салон на младите

* 1. ВРЕМЕ И ВЕЧНОСТ III, 1989
комбинирана техника, 115x115
2. ВРЕМЕ И ВЕЧНОСТ IV, 1989
комбинирана техника, 293x155

SAŠO STANOJKOVIĆ
Born 1962 in Skopje.
Address: Luj Paster 23/1, 91000 Skopje, tel. 235–437

1. TIME AND ETERNITY III, 1989
mixed media, 115x115
2. TIME AND ETERNITY IV, 1989
mixed media, 293x155

## НЕВЕНКА ТАСЕВА

Родена 1965 во Кочани. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1987 година. Адреса: ул. Орце Николов 85/I, Скопје, тел. 222–836

Групни изложби:

1987 и 1988 – Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLII и XLIII; 1988 – Белград, Дом ЈНА, Современо македонско ликовно творештво; 1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

1. ВО ПОТРАГА ПО СВЕТЛИНАТА X, 1989
масло на платно, 97x130

NEVENKA TASEVA
Born 1965 in Kočani.
Address: Orce Nikolov 85/1, 91000 Skopje, tel. 222–836

1. IN SEARCH OF THE LIGHT 10, 1989
oil on canvas, 97x130





## НОВИЦА ТРАЈКОВСКИ

Роден 1962 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1988 година.

Групни изложби:

1989 – Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

1. ТРИ ГОДИШНИ ВРЕМИЊА, 1988
   масло на панел, 200x124

NOVICA TRAJKOVSKI
Born 1962 in Skopje.

1. THREE SEASONS, 1988
   oil on board, 200x124

## СИМОНИДА ФИЛИПОВА

Родена 1965 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1988 година. Адреса: ул. Ловќенска 5, 91000 Скопје, тел. 259–797

Групни изложби (избор):

1988 – Скопје, Музеј на Македонија, „Карпошеви денови"; 1989 – Карловац, 6 биенале на акварел на Југославија; Скопје, Уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ

Награди:

1989 – Карловац, Награда на 6 БАЈ

1. ЦРВЕНИ АКОРДИ, 1989
   масло и гваш на платно, 98x131

SIMONIDA FILIPOVA
Born 1965 in Skopje.
Address: Lovќenska 5, 91000 Skopje, tel. 259-797

1. RED CHORDS, 1989
   oil and gouache on canvas, 98x131



## ПРЕДРАГ УРОШЕВИЌ

Роден 1963 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје. Адреса: Букурешка 107а, 91000 Скопје, тел. 243–156

Самостојни изложби:

1988 – Скопје, Македонски народен театар; 1989 – Брус, Дом на културата; Скопје, Галерија Дом на млади „25 Мај"

Групни изложби (избор):

1987; 1988 – Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLII и XLIII; 1988 – Скопје, НУБ „Климент Охридски", ДЛУМ цртеж; Скопје, Факултет за драмски уметности, „Скомрахи"

* 1. ЛИНИИ И ПРОСТОР, 1989
туш и акварел, 100x70

2. ЛИНИИ И ПРОСТОР, 1989
туш и акварел, 80x60

PREDRAG UROŠEVIĆ
Born 1963 in Skopje.
Address: Bukureška 107a, 91000 Skopje, tel. 243–156

1. LINES AND SPACE, 1989
ink and watercolors, 100x70
2. LINES AND SPACE, 1989
ink and watercolors, 80x60

## Скулптура, инсталации, објекти
## Sculpture, Instalations, Objects



### ТОМЕ АЏИЕВСКИ

Роден 1958 во Струмица. Факултет за ликовни уметности завршил во Загреб 1983 година. Адреса: ул. Партение Зографски 39, 91000 Скопје, тел. 209–927

Самостојни изложби:

